**ЗАПИСНИК**
**од 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 12.03.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: д-р Методија Јанчески (отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, м-р Ивона Муфишева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:50 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информира дека поради претходното патување на г-дин Јанчески во Франција, тој ќе биде отсутен од седницата бидејќи се наоѓа во самоизолација, односно се придржува на мерките на Владата за заштита од корона вирусот. Во однос на предложениот Дневен ред објасни дека ќе ја повлече првата точка - Образложение од Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата бидејќи радиодифузерот извршил уплата. Во таа насока посочи дека сега Точката бр. 2 станува Точка 1.

Советот на Агенцијата, со предложените корекции, едногласно, со 6 гласа „за" го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Образложение од Трговското радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
2. Разно.

Г-дин Петрушевски, од причина што нема присутен претставник од радиодифузерот за да се изјасни, рече дека ја затвора седницата.

Бр. 02-1115/2
25-03-2020 година
Скопје

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ